# THE PARTIAL BRONZE CANDELABRUM FROM THE SKOPJE FORTRESS

**Igor Kuzmanoski, Ph.D.**
Museum of the City of Skopje, Macedonia
igorkuzmanoski@gmail.com

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

It has been 50 years since preventive archaeological excavations took place on the territory of Skopje Fortress in 1967, taken over due to the damage that occurred at this site after the 1963 catastrophic earthquake in Skopje. The material of these excavations is now stored in the depots of the Museum of the city of Skopje and some of these findings are already known to the general public through their partial exposure during the past years. With this jubilee, in 2017 the Museum organized an exhibition that again reviewed the discovered material, this time presented integrally and where some less known and interesting findings were shown. Among them, there was also an extremely rare item, part of a bronze candelabrum, which has not yet been scientifically processed and published. This small and unique object is not interesting only from the point of its rarity, but also, according to the available analogies, because of its dating in the Early Byzantine period, which in the context of finding on the territory of the Skopje Fortress, may also require a redefinition of the chronological stratification of this complex site.

## Keywords:

Skopje Fortress, bronze candelabrum, chronology.

## Theme/s:

Classical Archaeology, Macedonian Archaeology

**Игор Кузманоски**
Музеј на град Скопје
igorkuzmanoski@gmail.com

**Дел од бронзен канделабар од Скопската тврдина**

Во 2017 година се навршија 50 години од заштитните археолошки ископувања на Скопското Кале кои се реализирни во 1967 година, по големите оштетувања на тврдината предизвикани од катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година.[1] Поттикнати од овој јубилеј, Музејот на град Скопје се вклучи во одбележувањето со поставување на изложбата „Скопската тврдина – симбол на градот“ во која се презентирани материјални наоди добиени со овие ископиувања, а кои потекнуваат од византискиот и османлискиот период.[2] Во текот на подготовките за изложбата, при селектирањето на предметите кои требаше да бидат вклучени во поставката, се наиде на исклучителен материјал, дел веќе презентиран парцијално и познат од порано, но и на значаен број на наоди кои се изложуваа за првпат и со тоа претставени премиерно на пошироката јавност. Помеѓу нив, нашето внимание го привлече еден необичен предмет со карактеристичен изглед, заведен под инвентарен број 16002, чиј опис во музејската картотека не ја утврдува неговата точна идентификација, односно е со непозната намена, иако е правилно претпоставено дека претставува дел од “некоја композиција”. Датиран е широко во средниот век.

Предметот е добро сочуван, излеан во бронза, со димензии во должина од 11 cm и висина од 7,1 cm. Содржи претстава на две животни, поставени во симетрична диспозиција со грбот еден наспроти друг и тука поврзани со мал тубулус (сл. 1). Животинските претстави се силно стилизирани, со тенко тело со кружен пресек составено од долен дел, изведен во форма на полулачно извлечена нога со нагласено

[1] Ископувањата биле изведени во организација на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје, а предметите добиени при ископувањата се предадени на Музејот на град Скопје во 1975 година.
[2] Каталог „Скопската тврдина – симбол на градот“, 2017, 3-31.

едноставно стапало и централен вертикален дел кој нагоре се извива кон надвор и завршува со животинска протома. Главата на животното е подетално обработена, орнаментирана со плитки врежувања кои формираат геометриски фасетирани површини, со издолжено рило и широко отворена уста од кој излегува шилест јазик. Очите се незначително нагласени, а од темето излегува еден благо извиен рог, веројатно во функција на уво. Стилизираната изведба на животното му дава фантастичен хибриден изглед (коњ, змеј, волк) во кој одредени делови се трансформирани и подредени на декоративната функција на предметот. Во согласност со веќе добро познатите аналогии, овој наод, чиј карактер и намена досега ни беа непознати, денес лесно може да го препознаеме како дел од бронзен канделабар кој припаѓа кон групата на ткн. “склопливи” носачи за светилки. Нашиот примерок всушност претставува зачувана половина од базна целина, составена од два вакви идентични компартименти кои се вклопуваат еден во друг и на тој начин формираат стабилна основа на четири ногарки.

Денес постојат сосем мал број на наоди од овој тип според кој можеме да го реконструираме некогашниот изглед на овој предмет, но и да се определи неговата временска и културолошка провиниенција. J. Jantzen објавува две слични бази кои ги вклучува кон каролиншкиот културен круг,[3] додека речиси идентичниот на нив наод од Коринт, со лавји протоми и поелаборирано изведени шепи на ногарките, влегува во византиското територијално и хронолошко милје.[4] Особено сличен со нашиот примерок е еден поцелосен егземплар со непознато потекло, зачуван во Römisch-Germanischen Museum во Келн, каде моделираните елементи со животински протоми се вклопени и споени по средишната оска преку цилиндричниот тубулус (сл. 2).[5] Перфорацијата на тубулусот служела за навртување на осовината на носачот на светилки, што ја сочинува горната половина од композицијата на предметот. Изведен е во форма на стоечка човечка фигура со стилизирана изобразба, нагрната со драпирана наметка и со испружена лева рака во која држи меч или бодеж во исправена положба. Фигурата е прикажана во благ исчекор и поставена на издолжена цилиндрична осовина

[3] Jantzen J., 1966, 135-139.

[4] Davidson G., 1952: No. 842, Pl. 62; Во ова издание (Corinth vol. XII, 1952, 7) посебно е нагласено дека византискиот период го опфаќа само времето од IX-XII век. Превземеното цитирање на примерокот од Коринт кај М. Вујовић е со погрешна нумерација (No.863 наместо No. 842) и посочен, можеби со право, но различно од автентичната објава, како наод од слоевите кои припаѓаат на рановизантискиот период: Вујовић М., 2005, 583.

[5] Brown K. R., 1979, cat. no. 319, 339-340.

расчленета во повеќе сегменти кои на крајот завршуваат со завртка која се навртувала во средишната оска на тубулусот од ногарките. Според стилските одлики келнскиот примерок се датира во рановизантискот период, односно во VI – VII век. Речиси идентичен пример со тој од Келн, во вид на антропоморна претстава надоврзана на расчленета осовина, постоел и во збирката на Народниот музеј во Белград, изгубен уште во текот на I светска војна, со потекло од византискиот Виминакион од околината на Костолац (сл. 3).[6] И овој примерок, според посочената аналогија, е определен во палеовизантискиот период. Комплетниот изглед на овој тип на каделабри ни го дава наодот, исто така со неизвесно потекло, но со претпоставка дека потекнува од Анадолија, којшто денес се чува во рамките на колекцијата De Menil во Хјустон (сл. 4).[7] Овој фрагмент од фигуралниот дел на канделаброт на врвот носи минијатурна бронзена светилка која е натакната врз исправениот меч/бодеж. Стилските елементи на светилката го датираат и овој примерок во VI и раниот VII век.

Комплементарниот збир на сите погоре посочени примери ни го даваат конечниот изглед на целата композициска шема кај овој тип на бронзени кандилабри. Антропоморфната претстава на врвот што на својот меч ја носи светилката по секоја веројатност претставува фигура на војник или слуга, односно некаков вид на армиски прислужник, со што се потврдува традицијата којашто постоела уште од хеленистичко време, а која ќе продолжи да биде популарна и подоцна низ средниот век, каде претставите на слуги или стражари со светилки се јавуваат како доста чест и омилен мотив.[8] Војничката фигура, преку вертикалната осовина, директно се надоврзува на четириножниот постамент, чиишто завршетоци на горната страна се во вид на животински протоми. Како што видовме погоре, тие можат да бидат во форма на лавја глава или, поради стилските упростувања, со хибриден изглед во кој се преплетуваат различни анимални елементи. Кај нашиот фрагмент, кој е речиси идентичен со келнскиот примерок (освен плитките врежувања на површината од рилото) и кои како да се произлезени од една иста работилница, најверојатно треба да препознаеме фигура на коњ. М. Вујовиќ, испитувајќи ги можните симболички значења на фигуралните

[6] Вујовић М., 2005, сл. 1, 581-583; Предметот е откупен во далечната 1905 година и уште тогаш, без достапни аналогии, е правилно протолкуван од страна на тогашниот управник на Народниот музеј во Белград М. М. Васић како дел од бронзен канделабар и определен како рановизантиски наод: Васић М. М., сл. 1, 2, 1908, 15-19.

[7] Ross M. C., 1979, cat. no. 320, 340.

[8] Brown K. R., 1979, 339-340; Вујовић М., 2005, 588.

елементи од канделаброт со самата негова функција, помеѓу останатите предлози ја издвојува и претставата на коњ, односно на четирите коњски глави, како сумирана варијанта на слика од соларниот култ во кој коњите впрегнати во квадрига ја носат небесната светлина на Сол.[9] Освен тоа, мотивот на коњска глава се јавува доста често и како завршеток на рачките од голем број на римски и доцноантички, односно рановизантиски бронзени светилки чие украсно, а веројатно и симболично својство е понатака превземено и задржано при декорирањето на предметите со слична намена.[10]

Најпрвин со мислење дека се произлезени од каролиншката сфера на применета уметност, источната провениенција на поголемиот број од овие наоди денес ги сместува како репрезенти на византиското културно милје, најверојатно произведени во Константинопол или во некој од поголемите градски центри од источната половина на Царството.[11] Келнскиот примерокот се смета за најрано сочуван комплетен канделабар којшто потекнува од рановизантискот период, а и останатите наоди од овој тип кои се стилски слични на него хронолошки се определени во VI или раниот VII век. Идентичната сличност на нашиот примерок со келнскиот го врзуваат за истите временски рамки, дури и за истата работилница од каде можеби се произведени. Сепак, имајќи ја во предвид оваа потесна хронолошка определба за нашиот предмет, ќе мораме кратко да се осврнеме на непосредниот просторен контекст и околности под кои е тој пронајден, како и на самите специфики и културно наслојување кои се евидентирани на Скопската тврдина.

Локалитетот на Скопското Кале има прилично сложена стратиграфска структура, согледлив во неколку нивоа на живеење кои се протегаат, со повремени пократки или подолги прекини на одредени периоди, од раниот енеолит па сè до средината на XX век.[12] Во хронолошкото наслојување на населбинското живеење позабележително присуство имаат праисториските хоризонти, како и остатоците од средновековното утврдување, почнувајќи од X век и турскиот период, додека археолошките ископувања во континуитет покажуваат евидентно отсуство на објекти од целиот антички период,

[9] Вујовић М., 2005, 589-590.
[10] За примери на бронзени светилки од овој тип види: Walters H. B., 1914, Pl. IV, 66; Pl. VI, 85, 95.
[11] Brown K. R., 1979, 339-340; Ross M. C., 1979, 340; Вујовић М., 2005, 588.
[12] Со последните систематски ископувања на Скопската тврдина реализирани од 2007 до 2012 година, издвоени се десет различни последователни населби кои ги дефинираат главните фази на живеење на овој простор: Mitrevski D., 2015, 8.

вклучително и од рановизантиско време од III век п.н.е. до X век од н.е.[13] Постоењето на палеовизантискиот период, посебно поврзан со Јустинијановото време, а многу често и како локација на енигматичната Јустинијана Прима, го претпоставувале голем број на учени, меѓутоа нивното мислење главно се базирало на карактеристиките на монументалниот “киклопски” ѕид зачуван во североисточниот дел од тврдината, којшто сепак е со подоцнежен датум, односно потекнува од XI-XII век.[14]

Фрагментот од скопскиот канделабар е откриен во Секторот I (Пункт V, Сонда VIII, Квадрант М/3), на длабочина од 3,50 – 3,60 m. од површината. Истражената површина се наоѓа на највисокото плато од внатрешниот простор на Скопската тврдина, непосредно до големиот “киклопски” ѕид, во близина на кружната кула (План 1).[15] Според извештајот на истражувачите од 1967 година, ископувањето во овој дел не било изведено до здравица, односно било прекинато на средновековната нивелета на теренот на која директно се наслојувал керамичкиот материјал од ранотурскиот период.[16] Ако ја прифатиме рановизантиската хронолошка определба за нашиот наод, отсуството на овој хоризонт од просторот на Скопската тврдина, како и неговата позиција на откривање на составот од доцносредновековниот и ранотурскиот хоризонт, може да изгледаат на прв поглед збунувачки и нелогични, но сепак познавањето на специфичните теренски прилики и комплексната хронолошка стратификација на Скопската тврдина може да дадат соодветно објаснување. Имено, честите обнови на градбите и подоцнежните интензивни градежни активности на еден ист простор предизвикале потреба од постојано прекопување и нивелирање на теренот во кој старите слоеви се мешале и преклопувале и преку кој се создавале нови населбински хоризонти на живеење. Исто така, и на поголема длабочина стратиграфијата не е

[13] За резултатите од археолошките ископувања од 1967 година види: Микулчиќ И., 1982, ; за систематските ископувања 2007 - 2012 година види: Mitrevski D., 2015, 9.

[14] Историски осврт кон размислувањата на истражувачите за палеовизантиската потекло на “киклопските” ѕидови дава Микулчиќ И., 1982, 119-120 (со цитирана литература). Подоцна, истиот автор ретерира од своите почетни позиции во датирањето на бедемот во средновековниот период и се приклучува кон групата која ги сместува овие ѕидови во Јустинијаново време: Микулчиќ И., 1996, 298-301; Микулчиќ И., 1999, 354.

[15] Информациите се добиени од извештајниот приказ на објектите откриени со ископувањата од 1967 година, изработен од страна на Б. Бабиќ и И. Микулчиќ (стр. 84-88), при што тука изразувам благодарност до Заводот за заштита на спомениците од град Скопје за отстапената документација.

[16] По продолжувањето на систематските ископувања во 2007 година на истиот тој простор се наиде на значајни остатоци од праисторискиот период, што го потврди вообичаениот впечаток, констатиран уште со ископувањата од 1967 година, дека средновековниот хоризонт се надоврзува непосредно на праисторискиот слој: Mitrevski D., 2015, 10-20.

интактна, поради бројните подоцнежни вкопувања (јами, ровови, преградби) кои внесуваат тешкотии при временското и културното раздвојување на слоевите и каде не ретко турски елементи се мешаат со средновековна керамика и праисториски материјал. Во една таква ситуација, карактеристичен е примерот со раноантичките наоди кои се среќаваат во голем број и растурени по целата површина на просторот од тврдината, но сепак неповрзани со одреден специфичен културен слој, поради што истражувачите заклучиле дека активностите кои се одвивале тука во овој период биле со непостојан континуитет, односно биле повеќе од култен карактер.[17]

Имајќи ги предвид горенаведените прилики, како и примерот со раноантичките наоди, се поставува прашањето дали и за ретките спорадични остатоци од рановизантискиот период кои се јавуваат во занемарлив број во однос на останатиот материјал, не може да се претпостави извесна краткотрајна активност од одреден тип, најверојатно со воен предзнак, на просторот од Скопската тврдина во овој период.[18] Посебно е веројатно ова присуство да било активно во времето на Јустинијан или во последните децении од VI век, кога засилените мерки на обнова и чување на главните комуникации создале потреба од формирање на воена станица од привремен тип која би ги следела се почестите налети на аваро-словенските народи од север, при што Скопската тврдина се јавува со одлична позиција и како предстража на блиската метропола Скупи.[19] Можното присуство на одреден гарнизон на некој начин го потврдува и самиот карактер на овој тип на канделабри со теми од доменот на воената иконографија (воин/стражар со меч, коњи), најверојатно користени од страна на армиските офицери и кои, според истражувачите, биле дел од производството на вооружувањето и воената опрема со која се снабдувал еден војнички центар.[20] При тоа, во оваа прилика не мислиме да ги отвориме старите недоразбирања околу тоа дали во моќната тврдина на Калето, посебно на монументалниот “киклопски” ѕид, треба да видиме остаток од рановизантиски или од комненскиот период, туку да укажеме на можно присуство кое

[17] Mitrevski D., 2015, 20-23.

[18] Авторот на овие редови учествувал на систематските ископувања на Скопското Кале во периодот од 2007-2009 година како ко-раководител во два сектори (Сектор 6 и 9), кои се наоѓаат на јужниот дел од тврдината и каде се потврдени наоди, навистина ректки, но сепак присутни, на рановизантиски фолиси од 40 и 20 нуми (теренски белешки).

[19] Се чини дека одговорот на ова прашање сеуште може да се побара во темелната ѕидна партија зачувана под монументалниот “киклопски” ѕид каде можеби се крие зачетокот на рановизантиското утврдување, а кое веројатно никогаш не ни стигнало да биде довршено. За слични размислувања околу рановизантиското потекло на темелниот ѕид види: Петров К., 1958, 229-236.

[20] Ross M. C., 1979, 340; Вујовић М., 2005, 588.

секако било со помал обем и интензитет, односно времетраење и чии материјални остатоци можеби треба да се третираат со подолжно внимание, пред да бидат дискредитирани како случајно заскитани наоди. За жал, материјалните наоди од последните ископувања во 2007-2012 година сеуште не се систематски обработени и објавени за да имаме целосен увид во квантитативниот збир на материјалот од овој период кој несомнено постои.

Од друга страна, сосем е мала веројатноста овој тип на канделабри да бидат со подоцнежен датум поради стилската кохезија на одредени елементи со кои се поврзани овие ретки предмети и ги сместува солидно во палеовизантискиот период. Сепак, мора да се признае и фактот дека речиси сите наоди, освен оние со непознато потекло, се пронајдени на локалитети со потврден средновековен хоризонт на живеење, што фрла извесна можност за подоцнежна продукција на овој тип на производи од применетата гранка на византиското производство.[21] Според досегашните сознанија, додека не се направи квантитативна ревизија на откриениот материјал, а со тоа и на културните хоризонти од Скопското Кале и додека не се собере поголем фонд на наоди преку кој ќе може да се следи евентуалниот стилски и морфолошки развој кај овој тип на производи, единственото објаснување кое ни останува за нашиот предмет е дека тој всушност бил омилениот колекционерски експонат од приватната антикварна ризница на извесен великодостојник од скопското средновновековие.

***БИБЛИОГРАФИЈА***

Brown K. R., 1979, Collapsible lamp - or candelstand. In K. Weitzman (ed.) *Age of Spirituality, Late Antique and Early Christian Art, Third to Seventh Century, Catalogue of the Exibition at the Metropolitan Museum of Art*, New York, 339-340.

Васић М. М., 1908, Фрагмент канделабра (?), *Додатак Старинару новога реда, год. III,* Београд, 15-19.

Вујовић М., 2005, Рановизантијски канделабр из Виминацијума – 100 година касније, *Зборник народног музеја XVIII-1 археологија*, Београд, 581-594.

[21] За примерот од Виминакиум види: Васић М. М., 1908, 17-18; за Коринт: Davidson G., 1952, No. 842, 127 (види погоре забелешка 4); за каролиншката припадност на овој тип на предмети кој вообичаено го опфаќа периодот од средината на VIII до крајот на X век од н.е. види: Jantzen J., 1966, 135-139.

Davidson G. R., 1952, *Corinth: The Minor Objects*, The American School of Classical Studies at Athens, vol. XII, Princeton, New Jersey.

Jantzen J., 1966, Karolingische Bronzegeräte, *Pantheon 24*, München, 135-139.

Каталог *Скопската тврдина – симбол на градот*, 2017.

Микулчиќ И., 1982, *Скопје со околните тврдини*, Скопје.

Микулчиќ И., 1996, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје.

Микулчиќ И., 1999, *Антички градови во Македонија*, Скопје.

Mitrevski D., 2015, *Skopje Fortress*, Skopje.

Петров К., 1958, Најстари делови на Скопското Кале, *Гласник на Институтот за Национална Историја бр. 1,* Скопје, 229-236.

Ross M. C., 1979, Fragment of a portable lampstand with miniature lamp. In K. Weitzman (ed.) *Age of Spirituality, Late Antique and Early Christian Art, Third to Seventh Century, Catalogue of the Exibition at the Metropolitan Museum of Art*, 340.

Walters H. B., 1914, *Catalogue of the Greek and Roman Lamps in the British Museum*, London.